XXIII.К.бр.1123/17

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ како првостепен кривичен суд, преку судијата Драган Николовски како судија поединец, со записничар Олгица Аполеска, судски работник, постапувајќи по Обвинителниот предлог од ОЈО С. КО.4.бр.206/15 од 04.07.2017 год., против обвинетиот М.Ј. од Н., за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ., по одржана главна расправа во присуство на ЈО С. Б. К., обвинетиот, неговиот бранител адв.Душко Јанковиќ и законскиот наследник на оштетениот С. П.-покоен, неговиот син Ж. П., на ден 07.12.2017 год. ја донесе и јавно објави следната

П Р Е С У Д А
-ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА-

ОБВИНЕТИОТ М. Ј., со ЕМБГ ..., од татко М., мајка С., роден на ... год. во К., живее во Н. на ул...... бр...., оженет, татко на две полнолетни деца, дедо на две внучиња, не вработен, безимотен, државјанин на РМ, не осудуван, не се водат други постапки

В И Н О В Е Н Е

ЗАТОА ШТО:

На ден 22.11.2014 год., во 11.00 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, управувајќи ПМВ „....“ ВЕ-....-НУ, по ул.„.....“ во С., во насока од југ кон север, не се придржувал кон прописите и со тоа го загрозил јавниот сообраќај така што го довел во опасност животот на луѓето, на начин што кога дошол на крстосница со ул.„....“, постапил спротивно на чл.25 ст.1 од ЗБСП - навлегол со возилото во крстосницата задржувајќи го правецот на движење, по што запрел со возилото и веднаш започнал дејствие на движење со возилото наназад и вртење кон исток, а кога дошол на крстосницата со ул.„.....“ навлегол во истата свртувајќи во десно, кое дејствие го извршил без претходно да се увери дека истото може да го направи без опасност по другите учесници во сообраќајот или по имотот, не водејќи притоа сметка за положбата, правецот и брзината на движење на возилото, иако бил свесен дека поради тоа може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека таа нема да настапи, поради што со предниот лев бочен дел од возилото што го управувал удрил во телото на оштетениот С. П., сега покоен, кој како пешак се движел по средишниот дел од коловозот на ул.„......“, во насока од исток кон крстосницата со ул.„.....“, од кој удар оштетениот С. П. се задобил со тешки телесни повреди, поради што дошло до тромбоза на левата коронарна артерија која предизвикала пореметување и престанок на функционирањето на важно-виталниот орган, срцето, а како последица кај оштетениот на 02.12.2014 год. во 09.30 часот, настапила смрт.

Со горните дејствија, обвинетиот М.Ј. сторил кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, па согласно овој член и чл.4,32,34,35,39,48,48-а,49 и 50 од КЗ, судот му изрекува алтернативна мерка

У С Л О В Н А   О С У Д А

така што му утврди казна затвор во траење од 1 (една) година, која казна нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 4 (четири) години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Се задолжува обвинетиот да плати судски паушал од 1.000,00 ден., на сметка на самостојни приходи на судот и да ги надомести трошоците на постапката од 82.740,00 ден., се во рок од 3-три месеци по правосилноста на пресудата, под страв од присилно извршување.

Имотно правно барање не беше истакнато.

О б р а з л о ж е н и е

ОЈО С. до овој суд поднесе Обвинителен предлог КО4.бр.206/15 од 04.07.2017 год. против обвинетиот М.Ј. од Н. за кривично дело Тешки дела против безбед-носта на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ.

На главната расправа одржана на ден 07.12.2017 год., откако јавниот обвинител ја изнесе содржината на обвинението, запрашан од судот, обвинетиот М.Ј. изјави дека се чувствува виновен и го признава кривичното дело што му се става на товар.

Во доказна постапка беа изведени само докази што се однесуваат на кривичната санкција, па беше извршен увид во Потврда од казнена евиденција за обвинетиот М.Ј., Извештај за извршена обдукција од Институт за судска медицина, Вешт наод и мислење од вешто лице од сообраќајна струка Љупчо Постолов од Бирото за судски вештачења и Спогодба за надомест на штета склучена помеѓу законскиот наследник на починатиот С.П., неговиот син Ж. П. и обвинетиот М.Ј.

Со оглед да обвинетиот ја призна вината, судот не изведуваше докази во правец на утврдување на истата и фактичката состојба од изреката ја смета за утврдена и неспорна, па врз основа на ваквата неспорна фактичка состојба, најде дека во дејствијата на обвинетиот М.Ј. се содржани битните елементи на кривичното дело Тешки дела против безбед-носта на луѓето и имотот во сообраќајот од чл.300 ст.4 в.в. со чл.297 ст.3 в.в. ст.1 од КЗ, поради што го огласи виновен.

Судот при одредувањето на видот и висината на кривичната санкција, ги имаше предвид целите на условната осуда и личноста на обвинетиот, па како

олеснителни околности ги ценеше неговата неосудуваност, фактот што против него не се води друга кривична постапка, изрази жалење и каење за стореното дело,
законскиот наследник на починатиот не истакна имотно-правно барање и не се приклучи кон кривичниот прогон од причина што обвинетиот М.Ј. исплатил одредена сума од трошоците за погребот, видно од Спогодбата за надомест на материјална штета, дека двајцата учесници, односно и сега починатиот С. П., имале допринос во сообраќајна незгода, видно од Вештиот наод и мислење, како и претходно влошената здравствена состојба на сега покојниот кој веќе имал хронично оштетување на срцето и артериосклероза од тежок степен, видно од обдукцискиот протокол, а како отежнувачка околност го зеде степенот на кривична одговорност, па судот смета дека нема потреба од казна и дека со вака изречената алтернативна мерка – условна осуда како предупредување кон обвинетиот со закана од казна, ќе се постигнат целите на условната осуда и целите на казнувањето општо.

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, судот го задолжи обвинетиот со судски паушал од 1.000,00 ден., како и да ги надомести трошоците на постапката од 82.740,00 ден., од кои: 1.500,00 ден. за извршен увид и фотодокументација од МВР, 72.240,00 ден. за извршената обдукција и 9.000,00 ден. за сообраќајно-техничкото вештачење.

Имотно-правно барање не беше истакнато.

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ, XXIII.К.бр.1123/17 од 07.12.2017 год.

Записничар, С у д и ј а,

Олгица Аполеска с.р. Драган Николовски с.р.

ПОУКА: Против пресудата дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот, преку овој суд до Апелациониот суд – С..

Д.Н.: ОЈО С., обвинетиот М.Ј. и бранителот адв.Душко Јанковиќ.

НАПОМЕНА ЗА ОБВИНЕТИОТ: Трошоците на постапката од 82.740,00 ден., обвинетиот да ги уплати на трансакциона сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 xxx 06852, приходна шифра 724153, програма 00, начин 2, примач: Буџет на РМ, банка на примач: Народна банка на РМ.